**НКБК ги усвои  предлозите за Столбот "Дигитална поврзливост и Владина ИКТ инфраструктура" за новиот текст на националната ИКТ стратегија**

Во рамките на 59-та редовна седница одржана на 9 декември 2022 година, членовите на Националната канцеларија за бродбенд компетентност едногласно ги усвоија предлозите за Столбот " Дигитална поврзливост и Владина ИКТ инфраструктура".

Предлозите се направени согласно законската регулатива во државата, НОБП, праксата во земјите членки на ЕУ како и планираните реформи на органите на државната управа/јавна администрација.

Целта на овој столб е да се зајакне основата за идна дигитална трансформација, односно ефикасна и еластична дигитална инфраструктура претставува основна овозможувачка рамка која влијае на успешна реализација на останатите стратешки цели во националната ИКТ стратегија.